# ПРИМЕНА НА ПРИСТАПОТ ЗАСНОВАН НА ЧОВЕКОВИ ПРАВА ВО БОРБАТА ПРОТИВ СИРОМАШТИЈАТА И СОЦИЈАЛНАТА ИСКЛУЧЕНОСТ

---


## Резиме

Сиромаштијата претставува лишување од основните ресурси како храна, облека, живеалиште и здрава вода за пиење, односно немање пристап на граѓаните до средствата за задоволување на основните потреби.

Според официјалната дефиниција на Европската Унија, за сиромашни се сметаат лица, семејства или групи, чии ресурси (материјални, културни, социјални) се толку ограничени, што ги исклучуваат од она што претставува минимум прифатлив начин на живеење во земјите членки во кои што тие живеат.

Но покрај лишувањето од задоволување на овие елементарни потреби, сиромаштијата е често пропратена со дискриминација, стигматизација, недоволна партиципација и социјално исклучување на одредена група.

Социјалното исклучување е процес кој ги принудува индивидуите да живеат на работ од општеството, што го лимитира нивниот пристап до ресурси и можности, ја оневозможува нивната партиципација во социјалниот и културниот живот, оставајќи ги дискриминирани и немоќни.


---


МАКЕДОНСКА ПЛАТФОРМА ПРОТИВ СИРОМАШТИЈА

www.mpps.org.mk

**Пристапот заснован на човекови права (ПЗЧП)** е пристап кој овозможува да се детектира сиромаштијата заедно со придружната маргинализација и ексклузија.

ПЗЧП се базира на меѓународните стандарди за човекови права и е насочен кон промоција и заштита на човековите права. Тој се обидува да ги анализира нееднаквостите кои лежат во основата на општеството и да ги корегира дискриминаторските практики и неправедната распределба на моќ кои ги попречуваат процесите на развој.

Само давањето и примањето милостина како решение против сиромаштијата, од перспектива на човековите права, не е доволна. Пристапот заснован на човекови права, овозможува плановите, политиките и процесите на развој да бидат засновани на систем на права и соодветни обврски утврдени со меѓународното право. Ова помага да се промовира одржливоста на развојните активности, зајакнувајќи ги самите граѓани, особено најмаргинализираните да учествуваат во донесувањето и спроведувањето на политиките и да ги повикаат на одговорност оние кои имаат должност да дејствуваат.

**Македонската платформа против сиромаштија** - МППС во сите свои идни активности во борбата против сиромаштијата и социјалната исклученост ќе поаѓа од улогата која што секој поединец ја има во неговиот сопствен развој. Ќе настојуваме да реализираме пристап кој поединецот веќе не го смета само како обичен примател на помош насочена кон обезбедување на одредени услуги, туку како носител на правата, кој има право да биде слушнат, да учествува во процесите релевантни за неговиот развој и да ги бара неговите права од државата. Преку овој пристап, традиционалната соработка заснована на помош за задоволување на потребите ќе се насочи кон овозможување пристап до човековите права кои му припаѓаат на секој поединец.

## КОНТЕКСТ

**Високиот степен на сиромаштија е еден од најголемите проблеми на македонското општество.** Таа е речиси секогаш пропратена со маргинализација и исклученост на сиромашните од сите општествени, економски, политички и културни процеси.

Процесот на транзиција во РМ, во изминатите две децении, доведе до растечко осиромашување на населението, пораст на невработеноста, негативни демографски појави и социјални девијации. Во овој преоден период, се случија многу движења во општествената структура и промени во составот на социјалните групи.

Целокупната општествено - економска ситуација доведе до висока социјална диференцијација, при што средните социјални слоеви беа изложени на економско пропаѓање во пониските слоеви, додека ниските незапирливо тонеа и сеуште тонат во длабока сиромаштија. За овој проблем на незапирливо осиромашување и раслојување говори податокот дека 31% од населението на РМ живее во реална сиромаштија, т.е. не го остварува ниту егзистенцијалниот минимум.

Промените кои што настанаа најтешко ги погодија сиромашните и останатите ранливи групи граѓани, кои станаа уште посиромашни и социјално исклучени, работниците кои ги загубија своите работни места, вработените кои добиваат мала плата, нередовно или воопшто не примаат плата, лицата со посебни потреби, граѓаните неспособни за работа, и многу други групи во општеството.

Пресметките на **Ликен индикаторот за социјална вклученост**, кој се однесува на образованието[1] ја лоцираат Република Македонија на 29 место меѓу 33 земји од Европа, укажувајќи на присуство на многу повисок процент на популацијата на возраст од 18-24 години со најмногу завршено основно образование и без никакво натамошно образование или обука.

1. Меѓународно споредливи податоци од ЕУРОСТАТ, кои произлегуваат од анкетата на работна сила, http://epp.eurostat.ec.europa.eu/tgm/refreshTableAction.do?tab=table&pcode=tsisc060&language=en

Можеби во најтешка материјална положба се најдоа домаќинствата корисници на социјална помош, од кои најголем број не се во можност да го преминат прагот на сиромаштијата. Социјалната помош е мошне ниска и недоволна за минимум животен стандард, што всушност воопшто не ја остварува целта на истата.

Долготрајната транзиција, исто така, доведе и до суштински промени во структурата на сиромашните, која во последните години се менува во однос на првите години на транзицијата.

Така, денес покрај старите, традиционално сиромашни социјални групи (како што се семејствата со голем број членови или со еден родител, лицата со посебни потреби, старите лица без средства за живот, итн.), се појави групата на нови сиромашни. Тука спаѓаат младите лица и неквалификуваните работници кои не можат да остварат прво вработување, потоа оние кои не добиваат надомест за време на долготрајна невработеност, т.н. сиромашни вработени, семејствата од руралните подрачја и земјоделските домаќинства.

Од сите овие ранливи групи, истражувањата покажуваат дека на сиромаштија најмногу се изложени децата, посебно децата од повеќечлените семејства и децата од семејства во кои што нема ниту еден вработен.

Една од најзначајните причини за високата стапка на сиромаштија е невработеноста. Невработеноста, како што е познато во Македонија бележи висока стапка и претставува најманифестна форма на деградација и осиромашување на граѓаните. Исто така, таа претставува најдрастичен пример на маргинализација на човековите ресурси.

Во ситуација на намалување на можноста за заработувачка и пристап кон регуларни економски активности, голем број луѓе прибегнаа кон сивата економија - како начин да се преживее, што често вклучува и цели семејства.

Овие појави укажуваат на ургентноста на проблемот и потребата за преземање итна акција на сите општествени чинители во справувањето со проблемот на сиромаштијата и социјалната исклученост.

## ПРИСТАП ЗАСНОВАН НА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Пристапот заснован на човекови права (ПЗЧП) има за цел да осигура дека човековите права се појдовна основа во сите процеси на креирање на политики и политички избори. Тоа значи дека таквите политики мора да обезбедат луѓето да имаат политички, институционални и материјални средства за да можат да ги бараат, да ги уживаат и мониторираат нивните човекови права и активно да учествуваат во процесите на донесување на одлуки.

Напорите насочени кон подигање на степенот на почитување на човековите права како што е правото на храна, образование, партиципација итн. можат да придонесат луѓето да излезат од сиромаштијата, што значи дека **човековите права имаат суштинско место во напорите за елиминирање, односно намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост.**

ПЗЧП се фокусира на оние граѓани и социјални групи кои се соочуваат со дискриминација (врз основа на род, раса, итн.) и оние кои се ранливи во однос на прекршувањето на човековите права (сиромашни, други маргинализирани групи во општеството, итн.).

Ние не можеме да зборуваме за ефективна стратегија за намалување на сиромаштија доколку истата не резултира со намалување на сиромаштијата кај оние кои се соочуваат со овој феномен во нивниот секојдневен живот.

„Широко е прифатено дека ефективна стратегија за намалување на сиромаштијата не е можна без јакнење на сиромашните“[2].

Поради потенцијалот за јакнење на сиромашните, ПЗЧП ја користи меѓународната

2. ПЗЧП кон стратегии за намалување на сиромаштијата, OHCHR 2002

нормативна рамка како појдовна точка или основа за негова операционализација во стратегиите за намалување на сиромаштијата.

„Екстремната сиромаштија и социјалната исклученост претставуваат повреда на човековото достоинство и ... неопходно е преземањето на итни мерки за да се разбере екстремната сиромаштија и нејзините причини, вклучувајќи ги и оние поврзани со развојот, со цел да се промовираат човековите права на најсиромашните“
Виенска декларација и програма за акција (1993)

## НОСИТЕЛИ НА ПРАВА И НОСИТЕЛИ НА ОБВРСКИ

ПЗЧП ги идентификува корените на сиромаштијата, ги идентификува маргинализираните и ранливи групи во општеството и ги идентификува носителите на права и носителите на обврски. Главна карактеристика на ПЗЧП е поврзувањето на носителите на обврски со соодветните носители на права. Друга карактеристика на пристапот која доаѓа до израз при неговата практична примена е тоа што ги јакне сиромашните и исклучени членови на општеството. Тоа е пристап кој прави маргинализираните, ранливи и невидливи субјекти во општеството да бидат видени и слушнати.




ПЗЧП ги јакне луѓето да станат активни субјекти во процесот на реализација на човековите слободи и права на кои се овластени како човечки суштества. Истовремено, ПЗЧП се фокусира на владите како главни (но не единствени) носители на обврски, чии одговорности произлегуваат од меѓународните и националните законски рамки за заштита на човековите слободи и права.
Она што е суштинско овде е тоа што од една страна ги имаме правата, додека од друга страна се наоѓаат соодветните обврски за нивна промоција, остварување и заштита.

Во тој контекст, ПЗЧП дополнително го зајакнува принципот на отчетност преку јасната поделба и разграничување на носителите на права од носителите на обврски во однос на реализацијата на секое конкретно право. Државите и нивните институции, локалните и другите власти, заедниците и индивидуите (носителите на права и носителите на обврски) се сите одговорни за реализацијата на човековите права. Делокругот на релевантни субјекти ги надминува самата држава и нејзините институции.

Кога зборуваме за отчетност во преден план го имаме пресретнувањето на обврските во однос на човековите права, врз основа на сите претходно наведени принципи (стриктна примена на рамката на човекови права, партиципација, недискриминација итн.). Отчетноста опфаќа и јасна поделба на улоги и одговорности, транспарентност, пристап до информации, надомест на штета во случај на прекршување на човековите права.

Бидејќи владите и локалните власти ја имаат вистинската моќ за донесување одлуки, тие се и најодговорните за реализацијата на истите, секако не минимизирајќи ја и одговорноста на индивидуите, заедницата итн. Властите мора да ги почитуваат, заштитат и реализираат слободите и правата содржани во за нив обврзувачките меѓународни и национални документи.
Ова значи дека човековите права мора да се гарантирани со закон. На луѓето им е потребна цврста законска рамка за заштита на нивните права, потребен им е независен правен, административен и друг систем за заштита на правата.

Другата страна на отчетноста е мониторинг над работата на државата. Бидејќи државата го црпи својот суверенитет од граѓаните, логично е мониторингот од страна на самите граѓани да биде составен дел на доброто владеење. Државата е таа која мора да создаде соодветна законска рамка која ќе овозможи граѓанските организации и индивидуите да играат независна мониторинг улога во однос на работата на властите. Согласно ова, државата мора веднаш да превземе чекори за реализација на меѓусебно поврзаните права, како што се правото на информација, слободата на говор и здружување, без кои независниот мониторинг не е можен.

Значајно е да се напомене дека ПЗЧП не претставува само алатка за јакнење на капацитетите на носителите на права, туку и алатка за јакнење на капацитетите на носителите на обврски за да можат тие да одговорат на своите должности. Јакнењето на нивните капацитети ќе ја зголеми нивната отчетност, со оглед на тоа дека некогаш властите се соочуваат со недостаток на ресурси, некогаш со недостаток на способност за толкување на човековите права или примена на ПЗЧП.

**Ако сакаме сиромашните да учествуваат во стратегиите за намалување на сиромаштијата, тогаш тие мора да се слободни да се организираат без пречки (право на асоцијација), да се среќаваат без заплашување (право на здружување) и да го кажат слободно своето мислење (слобода на изразување). Понатаму, мора да имаат познавање за релевантните факти (пристап на информација) и мора да уживаат некое елементарно ниво на економска сигурност и благосостојба (право на достоинствен животен стандард и другите сродни права).**

**ОН, Принципи и упатства – ПЗЧП кон намалување на сиромаштијата**

## СЛЕДЕЊЕ НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЈАВНИТЕ ПОЛИТИКИ

Успешното спроведување на јавните политики е директно поврзано со координирана и целосна соработка меѓу Владата, министерствата и институциите на системот, како и соработката на институциите на централно ниво и локалната власт.

Покрај тоа особено е важна партиципацијата на граѓанското општество во делот на изразување на одделните интереси на поединци и групи кои се во зоната на ризик или пак се социјално исклучени.

Секој има право, дури и обврска да учествува во донесувањето на одлуки кои во иднина ќе влијаат врз неговиот/нејзиниот општествен живот. Секое лице има право на активна, слободна и значајна партиципација во едно демократско општество. Секое лице има право да придонесе за остварувањето на економски, културен и политички развој во кој ќе можат да се реализираат основните човекови слободи и права. Секое лице има право да одлучи што е важно за него/неа и за нивната заедница и да влијае врз носителите на обврски да усвојат соодветни политики. Од особено значење е тоа што позитивните критики обезбедени преку партиципација водат кон постигнување подобри резултати.

Следењето на спроведувањето на владините мерки е особено клучен процес кој треба да се базира на годишни акциони планови за реализирање. Со разработени конкретни мерки и активности за постигнување на предвидените цели и насоки дадени во стратегиите и со дополнително определени индикатори може да се следи напредокот во нивното спроведување.

## МАКЕДОНСКА ПЛАТФОРМА ПРОТИВ СИРОМАШТИЈА – МППС

Македонската платформа против сиромаштија – МППС е сојуз на здруженија на граѓани во кој на доброволна основа членуваат над 30 здруженија на граѓани и индивидуални истражувачи, со цел намалување на сиромаштијата преку промоција на социјална правда, партиципативна демократија, заштита на човековите права, еднаквост, недискриминација и владеење на правото.

МППС е непрофитна, непартиска и невладина организација. Процесот на основање и работа на МППС е поддржан од страна на Лудвиг Болцман Институтот за човекови права (БИМ-ФВ Скопје), преку Австриската соработка за развој.

Цели на МППС се: активен ангажман во насока на намалување на сиромаштијата и елиминирање на социјалната исклученост, преку развивање на силна мрежа во борбата против сиромаштијата. Посебен нагласок е ставен на работата со сиромашните заедници, нивното зајакнување и вклучување на сиромашните, маргинализираните, ранливи и дискриминирани заедници во сите процеси и нивоа на одлучување кои нив ги засегаат. Своите цели МППС ги остварува преку:

- застапување, лобирање и влијание врз јавните политики и стратегии од областа на социјалната заштита, здравствената заштита, вработувањето, сиромаштијата, социјалното вклучување, човековите права недискриминацијата;
- подигање на свеста за прашања поврзани со сиромаштијата;
- спроведување на истражувања и анализи во полето на сиромаштијата, човековите права, социјалното вклучување, недискриминацијата, здравствената заштита, вработувањето, образованието, како и предлагање мерки за надминување на утврдените проблеми.

**ПРЕПОРАКА**
МППС и предлага на Владата на Епублика Македонија во процесот на креирање и донесување јавни политики да го земе в предвид пристапот заснован на човекови права - ПЗЧП и да ги следи четирите фази на вклучување на сите засегнати страни:

**Информирањето** е суштински дел на учеството, бидејќи без целосна достапност на информации за политиките кои се преземаат, не е можно ниту консултацијата ниту учеството да имаат смисла.

**Консултацијата** обезбедува оние поединци или групи кои се заинтересирани и кои се вклучени да ги искажат ставовите по дадените предлози и да влијаат врз конечната одлука, но не да бидат вклучени во донесувањето на таа одлука, што останува привилегија на креаторите на политиките. Консултацијата не може да биде ефективна доколку оние кои биле вклучени ги немаат сите релевантни информации во врска со предложената политика.

**Учеството** во донесувањето одлуки го признава придонесот од страна на сите засегнати страни во процесот на донесување одлуки подеднакво и им дава на поединците и групите можност да влијаат на процесот и нивните гледишта да бидат вградени во конечните одлуки.

**Заедничкото одлучување** оди еден чекор понатаму, обезбедувајќи дека консензусот е постигнат во процесот на донесување одлуки, политиките до кои се дошло се заеднички и тие ги изразуваат приоритетите на сите оние кои ќе бидат засегнати со одлуката, што резултира со тоа што сите учесници имаат заедничка сопственост на крајниот исход.

Оваа рамка ги истакнува предизвиците кои МППС ќе настојува да ги оствари во соработката со креаторите на политиките. Иако во реалноста се наоѓаме во почетната фаза на оваа парадигма, пристапот на креаторите на политиките во иднина мора да се менува во насока која ќе обезбеди сиромашните и организациите нив кои ги застапуваат да бидат вклучени во креирањето на политиките и донесувањето одлуки.